| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Владата на Република Северна Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ: | м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и<br><br>Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд |
| ПОВЕРЕНИЦИ: | Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд и<br><br>Миле Стојановски, државен советник во Министерството за економија и труд |

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за изменување и дополнување на Законот за испитување и жигосување, односно обележување на огненото оружје и муницијата,
по скратена постапка

Скопје, јуни 2026 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за испитување и жигосување, односно обележување на огненото оружје и муницијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. бр. 25/2010, 47/11 и 152/15) се уредуваат испитувањето и жигосувањето, односно обележувањето на огненото оружје и муницијата.Членот 2 од законот содржи дефиниции за одделни изрази и тоа за: огнено оружје, муниција и глевни делови на огнено оружје кои ќе се применат во насловот на овој закон.

Со предложеното изменување на Законот за испитување и жигосување, односно обележување на огненото оружје и муницијата се врши усогласување согласно заклучокот на Владата од Деветнаесетата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на ден 10.09.2024 година, согласно кој се задолжуваат министерствата да ги усогласат законите од својата надлежност со Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Исто така, со оглед на тоа дека се подготвува текст на Закон за оружје кој содржи ЕУ директиви Directive-2021/555-EN-EUR-Lex и Directive-2019/68 –EN-EUR-Lex кои се во одреден сегмент поврзани со Законот за испитување и жигосување, односно обележување на огненото оружје и муницијата, во подготовката на текстот на овој закон се додадени аспекти на овие ЕУ директиви .

Од овие причини како и заради постигнување на утврдените рокови за подготовка и донесување на закони утврдени согласно Реформската агенда Министерството за економија и труд го предлага Законот за изменување и дополнување на Законот за испитување и жигосување, односно обележување на огненото оружје и муницијата односно со новиот наслов Закон за испитување и жигосување, односно обележување на огненото оружје, главни делови на оружјето и муницијата.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Целта на предложените измени и дополнувања на Законот за изменување и дополнување на Законот за испитување и жигосување, односно обележување на огненото оружје и муницијата е негово усогласување со Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 110/19 и 121/24). Со последните измени на овој закон Министерството за економија се дефинира како Министерство за економија и труд.

Исто така, предложените измени и дополнувања на Законот за испитување и жигосување, односно обележување на огненото оружје и муницијата е и заради усогласување со амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Македонија и Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Македонија, што претставува законска обврска.

Со предложените измени и дополнувања се соодветно направени измени и дополнувања и тоа :

- во деловите каде се наведува името на државата како дел од називот на институцијата и во сите делови на законот каде што името на државата е утврдено како дел од неговиот нормативен текст;

- во деловите кои се однесуваат на промена на името на надлежната институција-Министерството за економија чија промена во називот се утврдени од Владата.

-во текстот каде се наведени зборовите огнено оружје и муниција, по зборовите огнено оружје се додаваат зборовите главни делови на огненото оружје.

-имплементација на ЕУ директивите во деловите кои се однесуваат на дефиниции, постапките за обележување, жигосување и примена на Меѓународни стандарди.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за испитување и жигосување, односно обележување на огненото оружје и муницијата не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за испитување и жигосување, односно обележување на огненото оружје и муницијата не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

## V. ПРЕГЛЕД НА РЕГУЛАТИВИ ОД ДРУГИ ПРАВНИ СИСТЕМИ И УСОГЛАСЕНОТ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН СО ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Има усогласување со ЕУ директиви: Directive-2021/555-EN-EUR-Lex и Directive-2019/68 –EN-EUR-Lex.

## VI. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со оглед на тоа што не се работи за сложен и обемен закон , согласно со член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, се предлага по овој Предлог на закон Собранието да расправа по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИСПИТУВАЊЕ И ЖИГОСУВАЊЕ, ОДНОСНО ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ОГНЕНОТО ОРУЖЈЕ И МУНИЦИЈАТА ([1])

Член 1

Во Законот за испитување и жигосување, односно обележување на огненото оружје и муницијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/10, 47/11 и 152/15), во насловот на законот по зборот ,,ОРУЖЈЕ” се додаваат зборовите ,,ГЛАВНИТЕ ДЕЛОВИ НА ОРУЖЈЕТО”.

Член 2

Во членот 1 по зборот ,, оружје” се става запирка и се додаваат зборовите ,,главните делови на оружјето”.

Член 3

Членот 2 се менува и гласи:

„Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

„1. „Огнено оружје“ е секое преносливо оружје со цевка (пушка, пиштол и револвер) кое исфрла, односно конструирано е под притисок на запално гориво да исфрли сноп од сачми, единечно зрно или друг проектил, како и секое преносливо оружје со цевка кое може да се видоизмени под притисок на запално гориво за да исфрли сноп од сачми, единечно зрно или друг проектил, како и секој предмет кој може да се видоизмени под притисок на запално гориво за да исфрла сноп од сачми, единечно зрно или друг проектил, ако предметот по надворешниот изглед одговара на огненото оружје и поради неговата конструкција или материјалот од кој е изработен истиот може да се видоизмени.

Огнено оружје не се делови на огненото оружје и предмети кои исфрлаат, односно конструирани се под притисок на запално гориво да исфрлаат сноп од сачми, единечно зрно или друг проектил, како и делови кои можат да се видоизменат за да исфрлаат сноп од сачми, единечно зрно или друг проектил,ако се:

- изработени за аларам или сигнализација, за спасување на животни, за користење на брод, планинарење и слично и
- делови на старинско оружје или реплика на старинско оружје, кое не е опфатено со категоризацијата на оружјето од членот 4 од овој закон и не може да се употреби како главен дел на огнено оружје;

2. „Делови на огнено оружје“ се сите главни, резервни и други делови на огненото оружје што се неопходни за неговата употреба (цевка со лежиште за куршуми, рам или сандак, механизам за затворање - затворач или навлака - лизгач, ударен механизам или затворен блок), како и опрема наменета или приспособена да го намали звукот при употребата на огненото оружје;

3. „Муниција“ е цел патрон, односно сите видови на куршуми спремни за испукување од огнено оружје со проектил кој има моќ да убие или неговите составни делови, вклучително чаурите, иницијалните announcement капсли, барутното полнење, куршумите или проектилите, што се користат во огнено оружје.“.

Член 4

[1] Со овој закон се врши усогласување со ДИРЕКТИВА (ЕУ) 2021/555 НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И НА СОВЕТОТ од 24 март 2021 година за контрола на стекнувањето и поседувањето оружје CELEX број 32021L0555 и ДИРЕКТИВА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА КОМИСИЈАТА (ЕУ) 2019/68 од 16 јануари 2019 година за утврдување на технички спецификации за означување на огнено оружје и неговите основни компоненти согласно Директивата на Советот 91/477/ЕЕЗ за контрола на стекнувањето и поседувањето оружје CELEX број 32019L0068

Во член 3 во ставот 1 по зборот ,, оружје” се става запирка и се додаваат зборовите ,,главните делови на оружјето”.

Член 5

Во член 4 во ставот 1 по зборот ,, оружје” се става запирка и се додаваат зборовите ,,главните делови на оружјето”.

Во ставот 2 по зборовите ,,Огненото оружје” се става запирка и се додаваат зборовите ,,главните делови на оружјето”, а по зборовите „огнено оружје„ се става запирка и се додаваат зборовите „главни делови на оружје“.

Ставот 3 се менува и гласи:

„Во промет може да се пушти огнено оружје и главни делови на оружје кои се испитани и жигосани, односно обележани согласно прописите за испитување и жигосување, односно обележување на огненото оружје, главните делови на оружјето и муниција.“

Ставот 4 се брише.

Член 6

Во член 5 во ставот 1 зборовите „увезено, односно внесено“ се заменуваат зборовите: ,,и главните делови на оружје и муниција, увезени односно внесени”.

Во ставот 2 по зборот,,оружје” се става запирка и се додаваат зборовите ,,главните делови на оружјето”.

Во ставот 3 по зборот „оружје“ се става запирка и се додаваат зборовите „главните делови на оружјето“.

Член 7

Во насловот на глава II по зборот „оружје“ се става запирка и се додаваат зборовите „главни делови на оружје“.

Член 8

Во член 6 ставот 1 се менува и гласи:

„Испитување и жигосување, односно обележување на огнено оружје, главни делови на оружје и муниција вршат правни лица кои имаат добиено овластување од Министерството за економија и труд за вршење на дејност испитување и жигосување, односно обележување огнено оружје, главни делови на оружје и муниција.“.

Во ставот 3 во алинејата 1 по зборот „оружје“ се става запирка и се додаваат зборовите „главни делови на оружје“.

Во алинејата 2 по зборот „оружје“ се додаваат зборовите „и главни делови на оружје“.

Во алинејата 4 по зборот „оружје“ се додаваат зборовите „и главни делови на оружје“.

Во ставот 4 по зборот „оружје“ се става запирка и се додаваат зборовите „главни делови на оружје“.

Во ставот 5 по зборот „оружје“ се става запирка и се додаваат зборовите „главни делови на оружје“.

Член 9

Членот 7 се менува и гласи:

„Правните лица кои имаат добиено овластување од Министерството за економија и труд за вршење на дејност испитување и жигосување, односно обележување на огнено оружје, главни делови на оружје и муниција согласно со членот 6 став 1 на овој закон се должни, во согласност со добиеното овластување, да извршат испитување и жигосување, односно обележување на огнено оружје, главни делови на оружје и муниција кога до нив е поднесено такво барање“.

Член 10

Во член 8 во ставот 1 по зборот „ оружје” се става запирка и се додаваат зборовите „главни делови на оружје”.

Во ставот 2 по зборовите „Министерството за економија” се заменуваат со зборовите “Министерството за економија и труд“, а по зборот „оружје” се става запирка и се додаваат зборовите „главни делови на оружје”.
Во став 3 во алинејата 3 по зборот „ оружје” се става запирка и се додаваат зборовите „главни делови на оружје”.

Член 11
Во член 10 во ставот 1 по зборовите „доколку на“ се додаваат зборовите „огненото оружје и на“, а по зборот „означено“ се додаваат зборовите „со единствена ознака“.
По алинејата 1 се додава нова алинеја 2, која гласи:
„- модел на оружјето,“.
По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:
„Кога главниот дел на оружјето е премногу мал и не може да се обележи согласно ставот 1 на овој член, главниот дел на оружјето минимално се обележува со нумерички број или дигитален код.“.

Член 12
Насловот на Глава IV. се менува и гласи: „IV.ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА УВЕЗЕНО ОГНЕНО ОРУЖЈЕ И ГЛАВНИ ДЕЛОВИ НА ОРУЖЈЕ”.

Член 13
Во член 14 по ставот 4 се додаваат два нови ставови 5 и 6, кои гласат:
„Одредбата од ставот 1 на овој член, не се однесува на колекционерско и старинско оружје со историска вредност“.
Оружјето наведено во членот 3 став 2 од овој закон, се обележува во согласност со ставот 3 на овој член.

Член 14
По членот 14 се додава нов член 14-а, кој гласи:

„Член 14-а
Големината на фонтот на обележување на огненото оружје и главните делови на оружјето треба да е најмалку 1,6 мм и со длабочина од минимум 0, 0762 мм.
Обележувањето на рамката на огненото оружје која не е од метал, ќе се прави на метална плочка која е вградена во материјалот на рамката на огненото оружје.
Металната плочка треба да е со таков квалитет при што да не може лесно да се отстрани од рамката, а при евентуално отстранување да доведе до уништување на рамката.
Обележувањето на огненото оружје и главните делови на оружјето се врши со кирилско или латинско писмо, а нумеричките броеви за обележување се арапски или римски, во зависност од производителот на огненото оружје и главните делови на оружјето.“

Член 15
Во член 15 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:
„Производителот на муниција е должен секој поединечен куршум да го обележи со идентификациска ознака на муницијата која опфаќа: кратенка на производителот, калибар и последните две бројки од годината на производството”.
Во ставот 2 кој станува став 3 по зборовите „Обележувањето на“ се додаваат зборовите „пакувањето на“.
Ставот 3 станува став 4.
Во ставот 4 кој станува став 5 зборовите „ставот 2“ се заменуваат со зборовите „ставот 3“.
Ставот 5 станува став 6.

Член 16

Во член 16 во ставот 1 зборовите „Министерството за економија“ се заменуваат со зборовите „Министерството за економија и труд - Управа за наменско производство”.

Член 17

Во членот 17 по зборот „оружје” се става запирка и се додаваат зборовите „главни делови на оружје ”.

Член 18

Во член 17-а во ставот 1 зборовите „Министерството за економија“ се заменуваат со зборовите „Министерството за економија и труд“.
Во ставот 3 зборовите „министерот за економија„ се заменуваат со зборовите „министерот за економија и труд“.

Член 19

Во член 18 во ставовите 1, 2 и 3 зборовите „Министерството за економија“ се заменуваат со зборовите „Министерството за економија и труд“.

Член 20

Во членот 19 зборовите „Министерството за економија“ се заменуваат со зборовите „Министерството за економија и труд“.

Член 21

Во членот 20 зборовите „Министерството за економија Управата за наменско производство“ се заменуваат со зборовите „Министерството за економија и труд-Управата за наменско производство“.

Член 22

Во член 21 во ставот 1 зборовите „15 став 2“ се заменуваат со зборовите „15 став 3“.
Во ставот 2 зборовите „Министерството за економија“ се заменуваат со зборовите „Министерството за економија и труд“.

Член 23

Во член 22 во ставот 1 по зборот „оружје” се става запирка и се додаваат зборовите „главни делови на оружје ”.

Член 24

Во член 23 во став 1 во точката 1) по зборот „оружје” се става запирка и се додаваат зборовите „главни делови на оружје“.
Во точката 3) зборовите „Министерството за економија„ се заменуваат со зборовите „Министерството за економија и труд“.

Член 25

Во член 24 во ставот 1 по зборот „оружје” се става запирка и се додаваат зборовите „главни делови на оружје ”, а зборовите „членот 15 став 5“ се заменуваат со зборовите „членот 15 став 6“.

Член 26

Во членот 26 по зборот „оружје” се става запирка и се додаваат зборовите „главните делови на оружјето”.

Член 27

Во член 27 во ставот 1 во воведната реченица зборовите „,Министерот за економија“ се заменуваат со зборовите „Министерот за економија и труд“.

Во точката 1) по зборот „оружје” се става запирка и се додаваат зборовите „главни делови на оружје ”.
Во точката 5) зборовите „15 став 4“ се замнуваат со зборовите „15 став 5“.

Член 28

Низ целиот текст на Законот, зборовите „Република Македонија” се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија”.

Член 29

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за содржи 27 члена.

Се менува називот на законот од: Закон за испитување и жигосување, односно обележување на огненото оружје и муниција во Закон за испитување и жигосување, односно обележување на огненото оружје, главни делови на огненото оружје и муниција.

Во членовите од 1 до 24 секаде во текстот каде се употребени изразите огнено оружје и муниција, ќе се примени : огнено оружје, главни делови на огненото оружје и муниција.

Се врши усогласување на одредбите од овој закон со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24), со кој Министерството за економија се дефинира како Министерство за економија и труд.

Со членот 26 се врши усогласување на одредбите од овој закон со амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Македонија и Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Македонија.

Со членот 27 е уредено влегувањето во сила на овој закон.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и чинат правна целина.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложениот закон ќе се овозможи конзистентност на правниот систем и доследна примена на законските одредби во однос на надлежностите на Министерството за економија и труд согласно одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24).

Се врши усогласување со ЕУ директивите кои се имплементираат во текстот на Законот за оружје и се во контекст на овој закон, односно потребата одделни изрази да бидат во согласност со одредбите од Законот за оружје.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИСПИТУВАЊЕ И ЖИГОСУВАЊЕ, ОДНОСНО ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ОГНЕНОТО ОРУЖЈЕ И МУНИЦИЈАТА КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат испитувањето и жигосувањето, односно обележувањето на огненото оружје и муницијата.

Член 2

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. "Огнено оружје" се сите видови пушки, пиштоли и револвери, како и други направи кои под притисок на барутни гасови низ цевката исфрлаат балистички проектил во облик на единечно зрно или сноп од сачми;
2. "Муниција" се сите видови куршуми, чаури и проектили наменети за полнење и дејство на оружјето и
3. "Главни делови од огнено оружје" се механизам за затворање (затворач), комора, цилиндер, рамка и цевка на сите видови огнено оружје.

Член 3

(1) Одредбите на овој закон не се применуваат на огненото оружје и муницијата наменети за потребите на Министерството за одбрана, Армијата на Република Македонија, Министерството за внатрешни работи, казнено-поправните установи и другите државни органи и правни лица утврдени со посебни прописи.
(2) Оружјето од ставот 1 на овој член, доколку се трансферира во трајна граѓанска употреба, задолжително подлежи на жигосување, односно обележување согласно со одредбите од овој закон.

Член 4

(1) Огненото оружје и муницијата произведени на територијата на Република Македонија, пред пуштање во промет, подлежат на испитување и жигосување, односно испитување и обележување согласно со одредбите од овој закон.

(2) Огненото оружје и муницијата увезени од страна на правни или физички лица кои врз основа на одобрение издадено од Министерството за внатрешни работи вршат увоз на огнено оружје и муниција, подлежат на обележување согласно со одредбите од овој закон.

(3) Во промет може да се пушти огнено оружје, муниција и делови на оружјето кои се испитани и жигосани, односно обележани согласно со прописите за испитување и жигосување, односно обележување на огнено оружје и муниција.

(4) Дозвола за оружје, односно дозвола за поседување на оружје, согласно со посебните прописи се издава само за огнено оружје кое е испитано и жигосано, односно обележано согласно со одредбите од овој закон.

Член 5

(1) Огненото оружје увезено, односно внесено од странство, кое е веќе испитано и жигосано на начин и постапка утврдени со Меѓународната спогодба за воспоставување на еднообразни постапки за заемно признавање на официјалните ознаки на испитано огнено оружје, не се испитува и жигосува согласно со одредбите од овој закон.

(2) Огненото оружје и муницијата што се увезени исклучиво за истражувачки и студиски цели не се испитуваат и жигосуваат, односно обележуваат согласно со одредбите од овој закон.
(3) Оружјето и муницијата што транзитира преку територијата на Република Македонија не се обележува согласно со одредбите од овој закон.

## II. ПРАВНИ ЛИЦА ЗА ИСПИТУВАЊЕ И ЖИГОСУВАЊЕ, ОДНОСНО ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ОГНЕНО ОРУЖЈЕ И МУНИЦИЈА

### Член 6

(1) Испитување и жигосување, односно обележување на огнено оружје и муниција вршат правни лица кои имаат добиено овластување од Министерството за економија за вршење на дејност испитување и жигосување, односно обележување огнено оружје и муниција.
(2) Овластувањето од ставот 1 на овој член се издава на правно лице кое ги исполнува следниве услови:
- соодветни материјално-технички капацитети,
- соодветен стручен кадар,
- да е упишано во Централниот регистар на Република Македонија,
- да има склучено договор за осигурување од професионална одговорност,
- да поседува сертификат за акредитација од Институтот за акредитација на Република Македонија,
- со правосилна пресуда да не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на определена дејност и
- да поседува доказ за сопственост или договор за користење на објектите каде што ќе се врши дејноста.

(3) Овластувањето се издава за:
- испитување и жигосување, односно обележување на огнено оружје и муниција,
- испитување и жигосување на огнено оружје,
- испитување и обележување на муниција и
- обележување на огнено оружје.

(4) Овластувањето од ставот 3 на овој член може да се издаде за сите видови на огнено оружје и муниција или само за одредени видови.
(5) Овластувањето од ставот 3 алинеи 1, 2 и 3 на овој член не се издава на правно лице кое се занимава со производство и промет на огнено оружје и муниција кои подлежат на испитување и жигосување, односно обележување согласно со одредбите од овој закон.

### Член 7

Правните лица кои имаат добиено овластување од Министерството за економија за вршење на дејност испитување и жигосување, односно обележување на огнено оружје и муниција согласно со членот 6 став 1 на овој закон се должни, во согласност со добиеното овластување, да извршат испитување и жигосување, односно обележување на огнено оружје и муниција кога до нив е поднесено такво барање.

### Член 8

(1) За испитување и жигосување, односно обележување на огнено оружје и муниција се плаќа надоместок според утврдена тарифа.
(2) Тарифата од ставот 1 на овој член ја пропишува Министерството за економија во согласност со Министерството за внатрешни работи врз основа на реалните трошоци потребни за вршење на испитување и жигосување, односно обележување на огнено оружје и муниција.
(3) Трошоците од ставот 2 на овој член опфаќаат:
- трошоци за употребените материјално-технички капацитети,
- паричен надоместок за стручен кадар и

- други трошоци направени при извршеното испитување и жигосување, односно обележување на огнено оружје и муниција.

## III. ИСПИТУВАЊЕ И ЖИГОСУВАЊЕ НА ОГНЕНО ОРУЖЈЕ

### Член 10

Испитување и жигосување на огненото оружје произведено на територијата на Република Македонија се врши само доколку на главните делови на огненото оружје производителот веќе има означено:
- име на производител,
- земја (место) на производство,
- сериски број и
- година на производство (ако не е дел од серискиот број).

## IV. ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА УВЕЗЕНО ОГНЕНО ОРУЖЈЕ

### Член 14

(1) Правните и физичките лица од членот 4 став 2 на овој закон се должни огненото оружје да го достават до овластеното лице од членот 6 став 1 на овој закон заради обележување со ознака за увоз во рок од 15 дена од денот на увозот.
(2) Ознаката од ставот 1 на овој член се обележува на главните делови од огненото оружје, каде што се втиснати другите ознаки на оружјето.
(3) Ознаката од ставот 1 на овој член содржи интернационална ознака на државата во која се увезува оружјето и година на увоз на оружјето.
(4) Овластеното правно лице од членот 6 став 1 на овој закон за извршеното обележување со ознака за увоз издава писмена потврда.

## V. ИСПИТУВАЊЕ И ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА МУНИЦИЈАТА

### Член 15

(1) Испитување на муницијата се врши со проверување на мострата од секоја одделна серија на произведена или увезена муниција, заради утврдување на квалитетот на муницијата и контрола на пакувањето од гледиштето на безбедноста во прометот и при употребата.
(2) Обележувањето на муницијата се врши на тој начин што во секое пакување на муницијата од иста серија, за која со испитувањето на мострите е утврдено дека ги исполнува пропишаните услови, се става писмена потврда за извршеното испитување и на секое пакување се става пропишаната етикета (бандерола).
(3) Испитување и обележување на муницијата се врши само ако секое пакување на муниција е означено со име на производителот, идентификациски број на серијата, калибар и вид на муницијата.
(4) Потврдата за извршеното испитување од ставот 2 на овој член содржи:
- податоци за видот на испитаната и обележана муниција и
- определен знак за односниот вид на муниција.
(5) Правните и физичките лица од членот 4 став 2 на овој закон кои извршиле увоз на муниција се должни увезената муниција да ја достават до овластеното лице од членот 6 став 1 на овој закон заради обележување во рок од 15 дена од денот на увозот.

## VI. НАДЗОР

### Член 16

(1) Надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Министерството за економија.

(2) Државниот пазарен инспекторат врши инспекциски надзор над работата на овластените правни лица од членот 6 став 1 на овој закон и над спроведувањето на одредбите на овој закон во прометот со огнено оружје и муниција.

Член 17

Ако Државниот пазарен инспекторат утврди дека овластеното правното лице од членот 6 став 1 на овој закон не ги исполнува пропишаните услови за работа утврдени со овој закон, со решение ќе му забрани да врши дејност испитување и жигосување, односно обележување на огнено оружје и муниција согласно со добиеното овластување и ќе му определи временски рок за отстранување на утврдените недостатоци кој не може да биде подолг од 90 дена.

Член 17-а

(1) Против решението од членот 17 на овој закон, овластеното правно лице од членот 6 став 1 на овој закон може да поднесе жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до комисија во Министерството за економија.
(2) Жалбата изјавена против решението од членот 17 на овој закон не го одлага неговото извршување.
(3) Комисијата од ставот 1 на овој член е составена од претседател и два члена именувани од министерот за економија.
(4) За претседател на комисијата од ставот 1 на овој член се именува раководен државен службеник во Државниот пазарен инспекторат, кој не бил вклучен во вршењето на инспекцискиот надзор.
(5) За член на комисијата од ставот 1 на овој член се именува државен службеник од редот на стручните државни службеници, со работно искуство од најмалку три години, кој не бил вклучен во вршењето на инспекцискиот надзор.

Член 18

(1) Ако овластеното правно лице не ги отстрани недостатоците во рокот утврден во решението од членот 17 на овој закон, Државниот пазарен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од осум дена ќе го извести Министерството за економија.
(2) На предлог на Државниот пазарен инспекторат Министерството за економија со решение ќе му го одземе овластувањето добиено согласно со членот 6 став 1 од овој закон.
(3) Правното лице од ставот 1 на овој член може да поведе управен спор против решението на Министерството за економија до надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на доставувањето на решението.
(4) Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Член 19

Во случајот од членот 18 на овој закон, а доколку не е овластено друго правно лице согласно со членот 6 од овој закон, Министерството за економија ќе обезбеди вршење на овие работи од страна на странско правно лице до издавање овластување на друго правно лице.

Член 20

Стручно-административните работи поврзани со испитувањето и жигосувањето, односно обележувањето на огненото оружје и муниција ги врши во Министерството за економија  Управата за наменско производство.

## VII. РЕГИСТРИ НА ИЗДАДЕНИ ПОТВРДИ

Член 21

(1) Овластеното правно лице од членот 6 став 1 на овој закон води регистар на издадените потврди од членовите 13, 14 став 1 и 15 став 2 на овој закон.

(2) Податоците од издадените потврди од ставот 1 на овој член, овластените правни лица од членот 6 став 1 на овој закон се должни во рок од 15 дена од денот на издавањето на потврдата да ги достават до Министерството за економија, кое на централизиран начин води регистар за извршеното испитување и жигосување, односно обележување на огненото оружје и муницијата согласно со одредбите од овој закон.

## VIII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 22

(1) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице ако стави во промет огнено оружје, односно муниција што не се на пропишан начин испитани и жигосани, односно обележани (член 4 став 3).

(2) Глоба во износ од 30 % од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член и на одговорното лице во правното лице.

Член 23

(1) Глоба во износ од 3.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното правно лице од членот 6 на овој закон, ако:

1) определени работи на испитување и жигосување, односно обележување на огнено оружје и муниција ги довери на лица кои не ги исполнуваат условите за стручен кадар пропишани со прописот донесен врз основа на овластувањето од членот 27 точка 3 на овој закон;

2) не се придржува кон утврдената тарифа од членот 8 на овој закон и

3) не ги достават податоците од издадените потврди од членот 21 став 1 на овој закон до Министерството за економија во рок од 15 дена од денот на издавањето на потврдата.

(2) Глоба во износ од 30 % од одмерената глоба за овластеното правно лице ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 точки 1, 2 и 3 на овој член и на одговорното лице во овластеното правно лице.

Член 26

За прекршоците од членовите 22 став 1, 24 и 25 на овој закон може, покрај глобата, да се изрече и посебна прекршочна мерка одземање на огненото оружје и муницијата.

## IX. ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ПОДЗАКОНСКИ ПРОПИСИ

Член 27

Министерот за економија во согласност со министерот за внатрешни работи поблиску ќе ги пропише:

1) начинот на испитување и жигосување, односно обележување на огнено оружје и муниција;

2) жиговите и знаците за жигосување, односно обележување, како и за формата и содржината на потврдите и етикетите (бандеролите);

3) условите во поглед на материјално-техничките капацитети и стручниот кадар за вршење на дејност испитување и жигосување, односно обележување, што мораат да ги исполнуваат овластените правни лица од членот 6 став 1 на овој закон;

4) висината на трошоците во постапката за утврдување на надоместокот согласно со членот 8 од овој закон и

5) обрасците на потврдите од членовите 13, 14 став 1 и 15 став 4 на овој закон и начинот на водење на регистрите од членот 21 на овој закон.

## X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 29

До влегувањето во сила на прописите од членот 27 на овој закон ќе се применуваат прописите донесени врз основа на Законот за испитување и жигосување, односно обележување на рачно огнено оружје и муниција („Службен весник на СРМ“ бр.37/73).

### Член 32

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија, а ќе започне да се применува по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.